# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 7/2018 Пробиштип 09.03.2018 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.6 одржана на ден 08.03.2018 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на годишна сметка на Буџетот на Општина Пробиштип и финансиски извештаи за 2017 година бр. 26-259/3,
2. Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-259/4,
3. Програма за изменување и дополнување на Програмата за урабанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-259/5,
4. Заклучок за узвојување на извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта улици на територијата на Општина Пробиштип за 2017 година бр. 26-259/6,
5. Одлука за усвојување на Финансиски извештај на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2017 година бр. 26-259/7,
6. Одлука за узвојување на финансиски извештај на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2017 година бр. 26-259/8,
7. Одлука за узвојување на финансиски извештај на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за 2017 година бр. 26-259/9,
8. Мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 26-259/10,
9. Мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности на ООУ Никола Карев Пробиштип бр. 26-259/11,

10. Одлука за узвојување на финансиски извештај на ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип за 2017 година бр. 26-259/12,
11. Одлука за усвојување на финансиски извештај на ЈОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2017 година бр. 26-259/13,
12. Одлука за узвојување на финансов извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2017 година бр. 26-259/14,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-259/16
09.03.2018година
Пробиштип

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."број 5/2002) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 22/07, 67/07 и 156/09, 47/11 и 19/15), Советот на Општина Пробиштип на седница одржана на 08.03.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
### За усвојување на Годишната сметка на Буџетот на Општина Пробиштип и финансиски извештаи

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2017 година изнесуваат:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| I Вкупни приходи | 411.600.323 | 234.326.485 |
| - Даночни приходи | 38.830.000 | 30.567.875 |
| - Неданочни приходи | 13.550.000 | 8.504.020 |
| - Капитални приходи | 77.410.258 | 15.739.975 |
| - Дотации | 128.945.623 | 114.416.572 |
| - Трансфери | 82.928.742 | 45.038.414 |
| - Донации | 53.735.700 | 20.059.629 |
| II Вкупни расходи | 260.790.876 | 233.696.822 |
| - утврдени намени | 260.490.876 | 233.696.822 |
| - резерви | 300.000 | 0 |
| II (Дефицит) - Суфицит | 14.200.000 | 629.663 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Финансирање | | -629.663 |
| | | |
| Прилив | 17.200.000 | |
| | | |
| - Приливи од домашни заеми | 17.200.000 | |
| - Приливи од странски заеми | | |
| - Депозити | | 2.222.831 |
| | | |
| Одлив (отплата на главнина) | 3.000.000 | 2.852.494 |
| | | |

Член 2

Разликата меѓу приходите и расходите на износ од 629.663 претставува суфицит настанат поради износот на одливот на средства на износ од 2.852.494 отплата на главница намален за 2.222.831 износот на вишок приходи пренесен во наредна година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

Член 4

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2017 година се искажани планираните и извршените расходи по сметки и по ставки .

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Пробиштип за 2017 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Пробиштип".

Број 26-259/3
08.03.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од законот за локална самоуправа ("Службен весник наРМ" бр. 5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр, 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) и член 94 одСтатутот на општина Пробиштип ("Службен гласник на општина Пробиштип" бр. 4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

За изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2018 година

Член 1

Со оваа одлука се врши изменување на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-946/9 од 27.12.2017 година, објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2017, и тоа:

Во членот 1, годината „ 2017 " се заменува со „ 2018" .

Членот 8 се брише.

Член 2

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.03.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6,7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина Пробиштип" бр.4/2005), а во врска со член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016), Градоначалникот на Општина Пробиштип му предлага на Советот на Општина Пробиштип, да ја усвои следната:

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2018 ГОДИНА

Се врши измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2018 година, бр.26-851/11 од 01.12.2017 година („Службен Гласник на Општина Пробиштип„ бр.3/2017 ) во делот:

Точката 1.2.6 се менува и гласи:

1.2.6 ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО СРТЦ „Поникваˮ, со П= 29,62 Ха (со ревизија)

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата

Класа на намена А- домување: А4--времено сместување во кое спагаат сите видови мотели, хостели, викенд куќи, планинарски домови, ловни домови, кампови и слично, Класа на намена Б--комерцијални и деловни намени: Б1- мали комерцијални и деловни дејности во кои спаѓаат и услужни и угостителски дејности кои се изведуваат во дуќани со или без витрини и имаат директен контакт со јавни пешачки површини како што се продажба, продажба и излагање, поправка на лични предмети, храна, предмети за домаќинство, ресторани, кафулиња, слаткарници, банки, пошти, интелектуални услуги, адвокатски и поштарски канцеларии, аптеки, мали ординации, салони, козметички студија и слично со максимална катност од П+1;; Б3- големи угостителски единици во кои

спаѓаат сите видови угостителски дејности кои се вршат во самостојни градби или во значителни делови од градбите како што се ресторани, таверни, ноќни клубови, казина и дискотеки; Б5- хотели во кои спагаат сите видови хотели и хотелски комплекси кои имаат различни содржини од услужен карактер; Класа на намена Д- зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, Д1- парковско зеленило во кое спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејсаж како паркови, парк -шуми, градини, ботанички бавчи, тревнати терени за рекреација, фитории и слично; Д2- заштитно зеленило во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони; Д3- спорт и рекреација во кои спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско-рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини, површини за спорт рекреација и забава на отворено без трибини или со трибини на природни или планирани земјани косини најмногу за 3000 посетители; Класа на намена Е-инфраструктура: Е1-комунална инфраструктура во која спаѓаат сите видови сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и електронска комуникациска инфраструктура и опрема и сл; Е2- комунална супраструктура во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, автобуски и железнички станици, пристаништа, полигон за обука на возачи на моторни возила, станици за технички прегледи, акумулации и брани за водоснабдување, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензиски пумпни станици и услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20 кв, градби за производство на енергија, резервоари за вода, противпожарни домови, електронски комуникациски градби и слично. Е3 некомпатибилна инфраструктура во која спаѓаат сите видови депонии, пречистителни станици, резервоари за дериват со капацитет над 200 тони, трафостаници над 20 кв, главни мерно-регулациони станици и слично.

После точката 1.2.6 се додава нова точка 1.2.7 која гласи:

1.2.7 ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА РИБНИК (со ревизија) за КП.бр.1914/24.... до 1914/34, КО Бунеш (со самофинансирање)

Класи на намени од групата Г- производство, дистрибуција и сервиси. Г2- лесна индустрија во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации; Класа на намена Д- зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори: Д1- парковско зеленило во кое спаѓаат сите видови површини со садено зеленило и уреден пејсаж како паркови, парк-шуми, градини, ботанички бавчи, тревнати терени за рекреација, фитории и слично; Д2- заштитно зеленило во кое спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони; Д3-спорт и рекреација во кои спаѓаат сите видови активности за спорт, рекреација или забава на отворено или затворено како спортско-рекреативни сали и базени за пливање без трибини, рекреативни езера, забавни паркови, тематски паркови, зоолошки градини, површини за спорт рекреација и забава на отворено без

трибини или со трибини на природни или планирани земјани косини најмногу за 3000 посетители; Класа на намена Е- Инфраструктура: Е1-комунална инфраструктура во која спаѓаат сите видови сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и електронска комуникациска инфраструктура и опрема и сл;

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2018 година влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/5
08.03.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2017 година го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2017 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2017 година.
2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2017 година.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/6
08.03.2018 година
ПРОБИШТИП

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип за 2017 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Финансиски извештај ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за 2017 година

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903 и 787 на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за 2017 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за 2017 година бр.05-112/1 од 16.02.2018 година и 05-113/1 0д 16.02.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.03.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ПРОБИШТИП Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип за 2017 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Финансиски извештај ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2017 година

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903 и 787 на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2017 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за 2017 година бр.05-112/1 од 09.02.2018 година и 05-113/1 од 09.02.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.03.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ПРОБИШТИП Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на СОУ „Наум наумовски Борче" Пробиштип за 2017 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на Финансиски извештај СОУ „Наум Наумовски Борче" од Пробиштип за 2017 година

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787 и 785 на СОУ „Наум Наумовски Борче" од Пробиштип за 2017 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на СОУ „Наум Наумовски Борче" од Пробиштип за 2017 година бр.05-88/1 од 07.02.2018 година, бр. 05-88/2 од 07.02.2018 и бр. 05-88/3 од 07.02.2018 .

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/9
08.03.2018 година
ПРОБИШТИП

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, расправајќи по Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности од ООУ „Браќа Миладиновци" Пробиштип бр. 01-64/1 од 25.01.2018 година го донесе следното:

МИСЛЕЊЕ
на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности во ООУ „Браќа Миладиновци" Пробиштип

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности од ООУ „Браќа Миладиновци" Пробиштип бр. 01-64/1 од 25.01.2018 година.
2. Составен дел на ова мислење е Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности од ООУ „Браќа Миладиновци" Пробиштип бр. 01-64/1 од 25.01.2018 година.
3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/10
08.03.2018 година
ПРОБИШТИП

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 51 став 2 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, расправајќи по Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип бр. 05-117/1 од 12.02.2018 година го донесе следното:

МИСЛЕЊЕ
на Програмата за изведување на ученички екскурзии
и други слободни ученички активности во
ООУ „Никола Карев“ Пробиштип

1. Се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип бр. 05-117/1 од 12.02.2018 година.
2. Составен дел на ова мислење е Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни ученички активности од ООУ „Никола Карев“ Пробиштип бр. бр. 05-117/1 од 12.02.2018 година.
3. Мислењето ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/11
08.03.2018 година
ПРОБИШТИП

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип за 2017 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на Финансиски извештај ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2017 година

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787 и 603 на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2017 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2017 година бр.01-36/1 од 08.02.2018 година, бр. 01-35/1 од 08.02.2018 и бр. 01-37/1 од 08.02.2018.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.03.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ПРОБИШТИП Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, разгледувајќи го Финансискиот извештај на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ Пробиштип за 2017 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
за усвојување на Финансиски извештај Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2017 година

Член 1

Се усвојува Финансискиот извештај на сметките 903, 787 и 603 на Општинска установа Дом на култура „Злетовски рудар“ од Пробиштип за 2017 година .

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“ од Пробиштип за 2017 година бр.01-53/1 од 28.02.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08.03.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ПРОБИШТИП Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13 и 41/014, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 08.03.2018 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2017 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
За давање согласност на финансиски извештај на
ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2017 година

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈКП „ Никола Карев “ Пробиштип за 2017 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансиксиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за 2017 година бр. 05-160/1 од 23.02.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/14
08.03.2018 година
ПРОБИШТИП

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Љупчо Благоевскис.р.

---

По извршеното проверување на изворниот текст на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2018 година бр. 26-851/23 од 01.12.2017 година, објавена во Службен гласник на Општина Пробиштип бр.3/2017 година, направена е техничка грешка поради што се врши:

ИСПРАВКА
На Програма за социјална детска и здравствена заштита за 2018 година

Во табеларниот преглед „Финансиска рамка на програмата за социјална, здравствена и детска заштита„ во точка 7 по зборовите „еднократна парична помош за секое новороденче„ се дополнуват зборовите „ по 5.000,00 денари„ .

Број 26-259/17
08.03.2018
Пробиштип

Совет на општина Пробиштип
Претседател
Љупчо Благоевски с.р.

---